До
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
-Сектор за правни работи, јавни дејности
и подршка на Градоначалникот
-Одделение за јавни дејности

Б А Р А Њ Е
За пристап до информации од јавен карактер

Од Драги Митевски, застапник на ЗАМП – Македонија со адреса на живеење с. Четирце Куманово, моб. Тел. 078 26 36 99 – drmitevski@yahoo.com

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019 од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Висина на исплатени хонорари на сите учесници за учество и настан во НОВОГОДИШЕН БАЗАР 2023/2024 од 22.12.2023 до 31.12.2023 за дочек на новата 2024 година организирана од Општина Крива Паланка.**

Истото да биде испратено на мојот е-маил.

Со почит
Скопје
16.01.2024 год.

Драги Митевски

-----------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 18-237/4
29.01. 2024 год
КРИВА ПАЛАНКА

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

Ф 8.5/1-3

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019), член 8 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 60/20), член 88 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 124/15) решавајќи по барање наш бр.18-237/1, 16.01.2024г. Драган Митевски, застапник на ЗАМП Македонија, село Четирце, Куманово, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

Со ова решение се дава **ПОЗИТИВЕН ОДГОВОР,** се уважува Барањето бр.18-237/1, од 16.01.2024г поднесено од Драган Митевски, застапник на ЗАМП Македонија, село Четирце, Куманово, имеил: drmitevski@yahoo.com

Бараните информации му се доставуваат на барателот како **ПРИЛОГ** бр.18-237/3, 26.01.2024г. кон ова решение.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Барателот Драган Митевски, застапник на ЗАМП Македонија, село Четирце, Куманово, достави барање преку електронска пошта, наш бр. 18-237/1, од 16.01.2024г. за пристап до информации од јавен карактер согласно член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019).

Со барањето бр. 18-237/1, од 16.01.2024г. Барателот бара да му бидат доставени информации за:

- Висина на исплатените хонорари на сите учесници за учество на настан НОВОГОДИШЕН БАЗАР 2023/2024 од 22.12.2023 до 31.12.2023 за дочек на новата 2024 година, организиран од општина Крива Паланка

**Доставувањето на бараните информации се врши со акт бр. 18-237/3, од 26.01.2024г.. како прилог кон решението и на начинот наведен во барањето.**

**Правна поука:** Против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информацийте од јавен карактер согласно член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019).

**Изготвил:**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер, Лидија Митовска**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 18 - 237/3
26.01 2024 год
КРИВА ПАЛАНКА

**До:**

**Општина Крива Паланка**
**Одделение за јавни дејности**

**Предмет: Достава на податоци по Ваше барање број 18-237/2 од 16.01.2024**

**Почитувани,**

Во врска со Вашето барање за доставување информација во врска со барање за информација од јавен карактер 18-237/1 од 16.01.2024. кое се однесува на Висина на исплатени хонорари на сите учесници за учество на настан Новогодишен Базар 2023/2024 од 22.12.2023 до 31.12.2023.

Ве информираме дека информацијата во целост како што ја бара барателот не сме во можност да ја доставиме. Од причина што општина Крива Паланка врз основа на програмата за реализација на културни настани за 2023 година им склучено договор со Здружение „Џојфест".

Врз основа на истиот договор за реализација на настан Новогодишен Базар 2023 на Здружение Џојфест, општина Крива Паланка му има префрлено средства во висина од 700.000,00 денари. Извештај за трошењето на средствата и конкретно кои изведувачи и висина на исплатени хонорари и други трошоци ќе се достави во рокови предвидени со договорот од страна на здружението Џојфест.

Покрај средствата доделени на здружението Џојфет од Буџетот на општина Крива Паланка за истата манифестација со договор за услуга се исплатени средства во висина од 46.000,00 износ на Александар Митевски и 46.000,00 нето износ на Драган Спасов плус персонален надонок.

Изготвил: Димитар Петровски, Советник одговорен сметководител

Со Почит,

Крива Паланка, 26.01.2024

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
Секретар на општина
Мартин Николовски